РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1832/7
08.05.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 24.04.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.04.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.04.2025 година.
3. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јануари до 31 март 2025 година.
4. Предлог за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година со Предлог-Одлука.

5. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп, со Предлог-конкурсна документација и Предлог-пријава.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, за прекршување на членот 55 став 2 од ЗААВМУ и на членовите 25 и 26 од Упатството за пласирање производи.
7. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје.
8. Предлог за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос на 2 (двајца) извршители и спроведување на постапка за вработување на неопределено време, со предлог-одлука и предлог-јавен оглас.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.04.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.04.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата ги разгледа Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јануари до 31 март 2025 година.

**Точка 4**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радуновиќ, го образложи Предлогот за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, заедно со Предлог-одлуката. Тој појасни дека вкупно планираните расходи остануваат непроменети во однос на претходно утврдениот износ и изнесуваат 202.429.722,00 денари. Со ребалансот се предвидува прераспределба на средства во рамки на иста група ставка, без зголемување на вкупниот буџет. Целта на ребалансот е да се обезбедат средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците мај и јуни 2025 година, во износ од 2.100.000,00 денари, и исплата на јубилејна награда за две вработени лица во Агенцијата, во вкупен износ од 100.000,00 денари. Средствата

се обезбедуваат преку внатрешна прераспределба на буџетот, без дополнителни финансиски оптоварувања.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година, бр.05-1135/1 од 20.03.2025 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 202.429.722,00 денари.

Со предложениот ребалансот се обезбедуваат финансиски средства наменети за:

- Исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за мај и јуни 2025 година во вкупен износ од 2.100.000,00 денари и
- Исплата на јубилејна награда за две вработени лица во Агенцијата, во вкупен износ од 100.000,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп, со Предлог-конкурсна документација и Предлог-пријава. Таа појасни дека, согласно Законот, кога до Агенцијата ќе биде поднесено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола, најнапред е потребно да се изработи Студија со цел да се утврди дали постои оправданост за таков чекор. Спроведената Студија утврди дека постои оправданост за распишување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, за програмски сервис – музичко радио од специјализиран формат, со доминантно емитување на забавна музика. Со воспоставување на ваков радио сервис ќе се збогати медиумската понуда за граѓаните на Прилеп, особено имајќи предвид дека постојните радиостаници кои емитуваат програма на ова подрачје, во рамки на 266 часа музика неделно, до 184 часа се посветени на народна музика, од кои 127 часа се новокомпонирана народна музика. Барањето што е поднесено се однесува на радиостаница што ќе емитува забавна музика, што претставува содржинско надополнување. Дополнително, објасни дека беше разгледан и вкупниот потенцијал на општина Прилеп, која се одликува со значителен број на жители и економски субјекти, што укажува на поволни услови и од аспект на публика и од аспект на пазар за огласување. Бидејќи Студијата потврди постоење на оправданост, информираше дека колегите од правниот сектор ја изработиле Пријавата, конкурсната документација и Предлог-одлуката, кои се доставени како прилог на материјалите за оваа точка.

Г-дин Петрушевски појасни дека на овој јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво во општина Прилеп може да се пријави секоја заинтересирана страна што ги исполнува пропишаните услови, вклучувајќи го и

подносителот на првичното барање. Изрази поддршка за предложената одлука и надеж дека ќе се пријават повеќе заинтересирани субјекти, со што ќе се овозможи избор на најквалитетната понуда.

Г-дин Фиданоски изрази поддршка за оваа точка. Посочи дека барателот му е доволно познат и дека станува збор за субјект кој веќе успешно функционира во областа на радиодифузијата. Неговата радиостаница има препознатлива музичка фреквенција и успешно развиен програмски концепт. Во однос на предложениот формат на новата радиостаница, што ќе се емитува на подрачјето на друг регион, нагласи дека, дури и доколку се појави и друг заинтересиран субјект, независно кој би бил избран бидејќи, согласно Законот сите имаат еднаков пристап и можност, верува дека станува збор за иницијатива што ќе прерасне во успешна медиумска приказна за регионот на Прилеп. Поради тоа, повторно истакна дека ќе даде поддршка на предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп со Конкурсна документација и Пријава, и тоа за програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, до 5% говорни содржини, на македонски и српски јазик, во кое емитуваната музика е доминантно забавна, а ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), и тоа: 90.3 MHz.

Дозволата ќе се додели за временски период од 9 (девет) години и не може да се пренесува на друго лице.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ”, на веб-страницата на Агенцијата, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ”.

**Точка 6**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Петреска Камењарова, го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип, поради прекршување на член 55 став 2 од Законот за аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), како и на членовите 25 и 26 од Упатството за пласирање производи. Таа информираше дека станува збор за извештај од редовен програмски надзор за почитување на обврските утврдени со ЗААВМУ, при што било констатирано дека телевизијата, во рамки на една нивна емисија, не ги почитувала правилата за пласирање производи во аудиовизуелни програми, ниту правилата за соодветно означување на програмите кои содржат ваква форма на пласирање. Имајќи предвид дека се работи за прво прекршување на овој член од Законот во текот на оваа година, се предлага да се изрече мерка јавна опомена, со рок од 20 дена за усогласување со регулативата. По истекот на овој рок, ќе биде спроведен контролен надзор за проверка на усогласеноста.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен програмски надзор, бр.10-1372/1 од 27.03.2025 година и едногласно заклучи на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 55 став 2,

алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ и на членовите 25 и 26 од Упатството за пласирање производи, затоа што на 4 март 2025 година во специјализираната информативна емисија „Фактор здравје со Билјана Дебарлиева" не беа почитувани условите за пласирање производи во аудиовизуелните програми, како и правилата за означување на програмите што содржат пласирани производи.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му се наложи на радиодифузерот во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за пласирање производи.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај, Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за распишување јавен оглас за засновање на работен однос со две (2) лица, како и спроведување постапка за вработување на неопределено време, придружено со Предлог-одлука и Предлог-текст на јавен оглас. Објасни дека досегашниот раководител на Службата за внатрешна контрола повеќе не е вработен во Агенцијата, бидејќи е именуван од Владата за директор на Ревизорското тело за ревизија на ИПА фондовите. Согласно со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Агенцијата е должна да има вработен внатрешен ревизор. Дополнително, во согласност со Законот за употреба на македонскиот јазик, Агенцијата има обврска да обезбеди вработен лектор по македонски јазик, кој би бил систематизиран во Одделението за поддршка на работата на директорот и односи со јавност. Со цел да не се прекршат овие две законски одредби, се предлага распишување јавен оглас за пополнување на двете работни позиции. Дополнително информираше дека, по донесување на Одлуката од страна на Советот, јавниот оглас треба да биде објавен во два дневни весници – на македонски и на албански јазик. Агенцијата веќе има склучен договор со весникот „Коха" за објавување

на огласите на албански јазик. Меѓутоа, договор со весникот „Слободен печат“, кој беше избран како најповолен понудувач за македонски јазик, сè уште не е склучен поради поднесена жалба од страна на весникот „Вечер“. Постапката се наоѓа во фаза на одлучување од страна на Комисијата за жалби по јавни набавки. Изборот на весник за објавување на огласот на македонски јазик ќе продолжи веднаш по донесување одлука од страна на Комисијата, зависно од тоа дали ќе биде прифатена одлуката на Агенцијата или ќе биде наложено повторување на постапката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување во Стручната служба на Агенцијата за следните работни места:

- Раководител на Служба за внатрешна ревизија, 1 (еден) извршител, на неопределено време, и
- Виш соработник – Лектор по македонски јазик во Одделението за поддршка на работата на директорот и односи со јавност при Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, 1 (еден) извршител, на неопределено време.

Изборот на кандидатите кои ќе засноваат работен однос во Агенцијата ќе го изврши директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Јавниот оглас ќе трае 15 (петнаесет) работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето во дневните весници.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Јавниот оглас да го објави во 2 (два) дневни весника, и тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како работодавач.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**